# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ

26 август 2016 | Излегува по потреба | Година XI | број 11



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ, ЗАРАДИ ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКА ЦЕЛ - ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И САНАЦИЈА НА УЛИЦИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

1. Се објавува Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, заради остварување на заедничка цел - изградба, реконструкција и санација на улици во населените места во Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.08.2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4842/1**
**од 25.08.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 14 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13) а во врска со Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Гази Баба, заради остварување на заедничка цел изградба, реконструкција и санација на улици во населени места во Општина Гази Баба, бр.07-5897/1 од 24.08.2016 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/16), Советот на Општина Гази Баба на Педесеттата седница одржана на ден 25.08.2016 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ, ЗАРАДИ ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКА ЦЕЛ - ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И САНАЦИЈА НА УЛИЦИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Член 1**

Со оваа одлука се воспоставува соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје и се уредува начинот, условите, финансирањето и други прашања, заради остварување на заедничка цел и интерес за финансиско учество, изградба, реконструкција и санација на улици во населени места во Општина Гази Баба.

**Член 2**

Градот Скопје во остварувањето на соработката ќе учествува со финансиски средства обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2016 година, во износ од 150.000.000,00 (со зборови:стоиипедесетмилиони) денари.

**Член 3**

За реализација на оваа одлука, се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-4699/5**
**од 25.08.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2016 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2016 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.08.2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4842/2**
**од 25.08.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005, 2008), Советот на Општина Гази Баба на 50 седница одржана на 25.08.2016 година, донесе

# О Д Л У К А

## за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА за 2016 година

### Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА за 2016 година на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **D00** | **ГРАДОНАЧАЛНИК** | | | | | |
| 464990 | Други трансфери | 800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 471160 | Еднократна парична помоШ и помоШ во натура | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **E00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | -300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421320 | Телефон и телефакс | -300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | -400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **EA0** | **КАПИТАЛНИ ТРОшОЦИ НА ОПшТИНА** | | | | | |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | -600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 0 | -320.000 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 0 | 320.000 | 0 | 0 |

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Гази Баба" и станува составен дел на Буџетот на Општина Гази Баба за 2016 година.

Бр. 09-4699/6
25.08.2016

Претседател на Советот на Општината
**М - Р МИЛАН АНДОНОВСКИ С.Р**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2016 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2016 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.08.2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4842/3**
**од 25.08.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1, член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Педесеттата седница одржана на ден 25.08.2016 година, донесе

## П Р О Г Р А М А

## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2016 ГОДИНА

1. Во Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2016 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/15), во делот на "II.ПРИХОДИ" износот "18.000.000,00" се заменува со износот **"178.000.000,00"**, по алинеја 2 се става запирка и се додаваат две нови алинеи "3" и "4" кои гласат:

**"- Од донации - 10.000.000,00 денари, претставени во табеларниот приказ даден во прилог;**

**- Од Буџетот на Град Скопје - 150.000.000,00 денари, претставени во табеларниот приказ даден во прилог. "**

2. Во делот на "III.РАСХОДИ" по точка 3.1 се додава нова точка "3.2" која гласи: **рехабилитација на патна инфраструктура во поплавените подрачја**, точка 3.2 станува точка "3.3", точка 3.3 станува точка "3.4" а табеларниот приказ се заменува со нов и гласи:

## ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА , РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2016 ГОДИНА

### III. РАСХОДИ

**Расходите во висина на приходите во износ од 178.000.000,00 денари**

| | Планирана активност | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | БУЏЕТ НА ОГБ содржани во ФА | ДОНАЦИЈА | БУЏЕТ НА РМ (Агенција за државни патишта) | град Скопје | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ | ВКУПНО |
| | | во месеци | извори на финасирање во МКД | | | | | | во МКД |
| Ј6 | За редовно одржување со крпење на ударни дупки на локалните патишта и улици и тоа:<br>а) Локални патишта ЛГБ<br>б) Улици низ Општината | | 5.000.000,00 | 0,00 | 1.950.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | **6.950.000,00** |
| Ј6 | рехабилитација на патна инфраструктура во поплавените подрачја | | 0,00 | 10.000.000,00 | 0,00 | 150.000.000,00 | 0,00 | 0,00 | **160.000.000,00** |
| Ј6 | Инвестиционо одржување (надградба со зајакнување на коловозни конструкции) на пристапни улици и патишта, кои претставуваат делници на локален пат и тоа:<br>а) Локални патишта ЛГБ<br>б) Улици низ Општината | | 2.000.000,00 | | 3.250.000,00 | | | | **5.250.000,00** |
| ЈД | Предвидено зимско одржување на ЛГБ 1, ЛГБ 4, ЛГБ 8, ЛГБ 2 и улици во надлежност на општината | | 4.500.000,00 | | 1.300.000,00 | | | | **5.800.000,00** |
| | | | | | | | | | |
| | ВКУПНО | | **11.500.000,00** | **10.000.000,00** | **6.500.000,00** | **150.000.000,00** | **0,00** | **0,00** | **178.000.000,00** |
| | | | | | | | | | |
| | Структура во % | | **6,46** | **5,62** | **3,65** | **84,27** | **0,00** | **0,00** | |

3. Во делот на **"IV.ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ"** износот "18.000.000,00" се заменува со износот **"178.000.000,00"**, по точка 3.1 се додава нова точка **"3.2"** која гласи: **"по точка 3.2 - 160.000.000,00"**, точка 3.2 станува точка "3.3", точка 3.3 станува точка"3.4".

4. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-4699/7**
**од 25.08.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф", НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2016 ГОДИНА

1. Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф", на подрачјето на Општина Гази Баба за 2016 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.08.2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4842/4**
**од 25.08.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 4 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Педесеттата седница одржана на ден 25.08.2016 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА**
**УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф", НА ПОДРАЧЈЕТО**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2016 ГОДИНА**

1. Во Програмата за урбано планирање "Ф" на подрачјето на Општина Гази Баба за 2016 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/15, 7/16 и 8/16), во точка "I. Ф.1 Подпрограма за урбанистичко планирање" во делот на расходи, подставка 4256 40 - изработка на урбанистички планови, по оддел 49 се дополнува текстот со нов оддел "50" кој гласи: **"50. Општ акт за с.Стајковци"**.

2. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-4699/8**
**од 25.08.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ ОД ПЛАЌАЊЕ ЗА ПОТРОШЕНА ВОДА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за ослободување на корисниците од плаќање за потрошена вода, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.08.2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4842/5**
**од 25.08.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (1) од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за ослободување на корисниците од плаќање за потрошена вода, бр.02-84/3 од 25.08.2016 година, донесена од Управниот одбор на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на Педесеттата седница одржана на ден 25.08.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ ОД ПЛАЌАЊЕ ЗА ПОТРОШЕНА ВОДА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за ослободување на корисниците од плаќање за потрошена вода, бр.02-84/3 од 25.08.2016 година, донесена од Управниот одбор на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-4699/9**
**од 25.08.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, заради остварување на заедничка цел - изградба, реконструкција и санација на улици во населените места во Општина Гази Баба . . . . . 4

**ОДЛУКА** за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2016 година . . . . . 6

**ПРОГРАМА** за дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2016 година . . . . . 8

**ПРОГРАМА** за дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф", на подрачјето на Општина Гази Баба за 2016 година . . . . . 12

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за ослободување на корисниците од плаќање за потрошена вода . . 14



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 11/16**
**50 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 20 примероци